Врз основа на членот 2 став 2 од Уредбата за униформата и ознаките на звањата на полицијата во Министерството за внатрешни работи („Службен весник на РМ“ бр. 39/94) министерот за внатрешни работи донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА СВЕЧЕНАТА УНИФОРМА НА ПОЛИЦИЈАТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува видот, составот, бојата и кројот на свечената униформа на полицијата во Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството), работните места и свечените прилики за кои се определува да се носи свечената униформа.

Член 2

Свечената униформа на полицијата се состои од: сако, панталони, шапка, кошула со долги ракави, вратоврска, плитки чевли и чорапи.

Свечената униформа е изработена од тергал во темно сина боја и со вообичаен крој.

Член 3

Копчињата со кои сакото на свечената униформа однапред се закопчува, копчињата на џебовите и на нарамениците се во златно жолта боја, а на долниот дел на ракавите од сакото се вшиени три ленти во златно жолта боја, со широчина од 10 мм и на меѓусебно растојание од 10 мм.

Широчината на ширитот на панталоните, кој е од егализир во светло сина боја, изнесува 10 мм.

Кошулата со долги ракави е во бела боја, вратоврската е во темно сина боја, а чорапите во црна боја.

На свечената униформа на генерал на полицијата лентите на ракавите, ширитот на панталоните и вратоврската се во бордо боја.

Составен дел на свечената униформа на полицијата е и гајтан во златно жолта боја.

Член 4

Свечената униформа на полицијата, во свечени прилики ја носат раководниот работник на Полицијата (служба) и неговиот заменик, раководителите на управи и сектори во Полицијата (служба) и раководителите на секторите на полиција во управите за внатрешни работи и во Градската управа за внатрешни работи - Скопје во Министерството.

Член 5

Лицата од членот 4 на овој правилник свечената униформа ја носат за време на државни празници, на Денот на полицијата, при прием на странски делегации и други свечени приеми, при одликување или при доделување на награди, благодарници или признанија, како и во други свечени прилики.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.121- 2131/1
17 јануари 1996 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
д-р **Љубомир Фрчкоски,** с.р.